

© UNICEF/Georgiev/2017

НОЕМВРИ 2024

# Документ за политики: Инклузивно образование во Северна Македонија

## За секое дете, фер шанса да го оствари својот потенцијал.

Овој документ за политики се осврнува на придобивките од инклузивното образование; клучните постигнувања и предизвиците во Северна Македонија по донесувањето и примената на Законот за основно образование од 2019 година. Документот содржи збир на препораки  во следниве области:  i) законска регулатива; ii) капацитети и поддршка на наставниците; iii) поддршка на родителите и поддршка во заедницата; и iv) други фактори.

## Што е инклузивно образование?

Правото на образование е основно човеково право, гарантирано на секое дете, преку низа правно обврзувачки меѓународни инструменти, вклучувајќи ја и Конвенцијата за правата на детето (КПД), Конвенцијата против дискриминација во образованието и Конвенцијата за правата на лицата со попреченост (КПЛП). Право на инклузивно образование има секое дете, вклучувајќи ги и децата со попреченост, односно сите со „долгорочни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите“.[1]

Инклузивното образование значи да се прифати дека секое дете е различно и затоа има индивидуални потреби. Тоа е најефикасниот начин да им се даде на сите деца фер шанса да одат на училиште, да учат и да ги развиваат вештините што им се потребни за да напредуваат. Инклузивен образовен систем е оној кој ги прифаќа сите ученици без оглед на нивните способности или барања,  во сите образовни нивоа, односно, предучилишно, основно, средно, високо и стручно образование како и доживотно учење. Тоа значи сите деца да учат заедно во исти училници и во исти училишта. Преку инклузијата се обезбедуваат вистински можности за учење и за групите кои традиционално се исклучени, не само децата со попреченост, туку и децата кои зборуваат на малцинските јазици. Инклузивните системи го вреднуваат уникатниот придонес што го даваат сите ученици во наставата, притоа овозможувајќи различните деца да растат едни до други, од што сите ќе имаат придобивка.

## Од инклузивното образование имаат придобивка сите деца

Постојат силни докази дека учениците со попреченост имаат придобивка од инклузивното образование и дека учениците со попреченост кои посетувале настава во редовните училишта успеале академски да ги надминат своите врсници кои посетувале настава во сегрегирани средини. Инклузивното образование, исто така, се поврзува со позитивен социјален и емоционален развој и придобивки за учениците со попреченост, што значајно придонесува за нивното учење, психолошкиот развој, градењето социјални врски и поттикнувањето долгорочна интеграција.[2]

Доказите од разни мета-анализи спроведени во текот на последните неколку децении посочуваат дека  инклузивното образование генерално има позитивни до неутрални ефекти врз учениците без попреченост, додека социјалните ефекти од инклузијата подразбираат помалку агресија, предрасуди и дискриминација, и зголемено прифаќање, разбирање и толеранција за индивидуалните разлики.[3]

Наставата во сегрегирани средини ги намалува можностите за социјална инклузија не само на кус рок (додека децата со попреченост одат на училиште), туку, и на долг рок (по завршувањето на средното образование). Наставата во специјализирани училишта е поврзана со слаби академски и стручни квалификации, вработување во заштитни друштва, финансиска зависност, помалку можности за самостојно живеење, и слаби социјални врски по завршувањето на образованието.[4]

## Напредок кон инклузивно образование во земјата

### Краток преглед на клучни постигнувања

Од ратификувањето на меѓународните инструменти, државата има постигнато значителен напредок во обезбедувањето образование на децата со попреченост преку клучните промени во политиките. Една скорешна студија на УНИЦЕФ[5] ги истакнува следните постигнувања:

- Во изминатите четири години, бројот на ученици со попреченост кои посетуваат редовни училишта е двојно зголемен, и тоа од четири ученици по училиште во учебната 2019/20 година на девет ученици по училиште во учебната 2023/24 година
- Речиси сите основни училишта одговорија дека имаат училиштен инклузивен тим (96%) кој ги осмислува и ги спроведува активностите на ниво на целото училиште и инклузивни тимови за ученици (93%) кои изготвуваат и спроведуваат индивидуален образовен план или модифицирана програма.
- Поголемиот дел од училиштата во кои учат деца со попреченост имаат простории со ресурси и пристапни рампи (68%), како и вработен специјален едукатор (60%).
- Бројот на ангажирани образовни асистенти е во постојан пораст, од 500 (2021 год.) на 1020 (2024 год.), што е одраз на континуираната посветеност да се обезбеди персонализирана поддршка во редовните училишта.
- На децата со попреченост и нивните придружници им беше обезбеден бесплатен превоз до основните и средните училишта, без оглед на оддалеченоста..
- Училиштата во кои учат деца со попреченост, претежно ја користат поддршката од ресурсните центри за координација на работата на образовните асистенти (67%), а до одреден степен и за поддршка на родителите на децата со попреченост (35%). Соработката на редовните училишта со училиштата со центри за поддршка во учењето главно се спроведува за да се обезбеди стручна поддршка на родителите и наставниците (28% и 27%).

## Клучни достигнувања во легислативата

Законот за основно образование од 2019 година беше клучен чекор за да се овозможи секое дете, без разлика на способностите, да има пристап до квалитетно образование заедно со своите врсници.[6] Со законот се воведоа неколку механизми со цел да се обезбеди подобра поддршка на учениците со попреченост во инклузивна образовна средина, поконкретно: индивидуализирана настава, разумно прилагодување и универзален дизајн, образовни асистенти, трансформација на поранешните специјални училишта во ресурсни центри и центри за поддршка, инклузивни тимови во училиштата и асистивна технологија.

> “Законот за основно образование даде основа за да се иницираат промени, да се подигне свесноста и да имаме прогрес.”
> Христина, мајка на 10-годишно дете

Концепцијата за инклузивно образование[7] од 2020 година, ги зајакна заложбите за целосна инклузија на децата со попреченост во редовните училишта. Преку јасни насоки и дефинирање на неопходните компетенции на наставниците, оваа концепција дава насоки како училиштата да создаваат ефективна средина за учење преку давање поддршка на сите ученици.

Со Концепцијата за основно образование од 2021 година[8], инклузијата стана основен принцип во организирањето на основното образование. Според Концепцијата, „суштинска инклузивност се обезбедува преку вклученост на сите ученици во сите активности на училиштето соодветно на нивните способности, потреби и интереси“, преку создавање клима што обезбедува поддршка и не дискримира, преку прилагодување на просторот и обезбедување пристапност до просториите и до наставните средства и материјали за учење, како и преку обезбедување асистивна технологија.

Со Законот за социјална заштита од 2019 година се воведе функционална проценка за децата и младите, и акцентот се стави на она што детето може да го постигне со соодветна поддршка, со цел да се поддржат и вклучат децата со попреченост во образованието. Овој пристап нуди интегриран одговор на потребите на децата со попреченост и овозможува упатување на различни услуги и бенефиции, како што се приоритет при запишување во предучилишно образование и образовна асистенција што ќе им овозможи целосно учество во образованието.

Почнувајќи од учебната 2023/2024 година, ресурсните центри (поранешните специјални училишта) престанаа со нови уписи на деца со попреченост, односно, сите деца со попреченост сега се запишуваат во прво одделение во редовните основни училишта. На овој начин, сите деца имаат можност да учат заедно со своите врсници и во рамките на своите заедници. Ресурсните центри и центрите за поддршка имаат задача да ја обезбедат потребната експертиза на наставниците, родителите, образовните асистенти, и стручните и инклузивните тимови во училиштата, за да се олесни инклузијата на секое дете. Ресурсните центри, исто така, реализираат дел од наставата и обезбедуваат услуги за децата кои учат според модифицирана програма во согласност со индивидуалните препораки од функционалната проценка.

### Програми за поддршка на инклузија:

Модифицираната програма е наменета за студенти со комплексни потреби. Таа е прилагодена за секоја фаза од основното образование и ги дефинира резултатите од учењето врз основа на компетенциите што овие ученици треба да ги стекнат, со фокус на поттикнување на независноста, личниот развој и социјалните релации.

Индивидуален образовен план се подготвува за деца со лесна до умерена попреченост, кој вклучува адаптација на наставната програма во однос на резултатите од учењето. Во планот се вклучени посебни активности и методи за да се помогне во постигнувањето на резултатите. Овие деца следат настава според националната наставна програма, ја посетуваат целата настава, но со прилагодувања во процесот на учење и резултатите од учењето.

## Преостанати предизвици

Клучните предизвици посочени во овој документ за политики се засноваат на консултации на УНИЦЕФ со клучните засегнати страни во август 2024 година, и податоците од анализата за воведувањето на Европската детска гаранција во земјата, поддржана од УНИЦЕФ. Во оваа анализа е вклучен придонесот од наставниот кадар од 100% од градинките, 76% од основните училишта и 81% од средните училишта, а првичните наоди беа презентирани и дискутирани со засегнатите страни на работилницата за валидација на наодите во јуни 2024 година. Некои од наодите се, исто така, извлечени од Анализата на состојбата на децата и адолесцентите спроведена од УНИЦЕФ во 2024 година.

### Законска регулатива

Врз основа на консултациите со родителите, постои погрешна претстава дека сегашниот Закон за основно образование ги спречува децата кои учат според модифицирана програма да посетуваат настава во ресурсните центри. Всушност, постојните законски одредби го дозволуваат тоа. Од друга страна, предложените измени на Законот за основно образование, кои би им овозможиле на родителите да ги запишат своите деца во ресурсни центри наместо во редовните основни училишта, и покрај добрите намери, може ненамерно да доведат до сегрегација на овие деца преку ограничување на нивните можности да учествуваат во активности организирани во локалните училишта во општината каде што живеат.

Редовното средно образование и понатаму е во голема мера недостапно за децата со попреченост поради предизвиците околу преминот од основно во средно образование, со намалување на бројот на запишани деца во специјалните средни училишта. По завршување на основното образование, многу деца со попреченост не го продолжуваат своето образование поради недоволна поддршка да посетуваат соодветни средни училишта. Кариерното насочување во основното образование не е соодветно за децата со попреченост и повеќето основни училишта не соработуваат со средните училишта за да се овозможи запишување во средно училиште. Покрај тоа, не постои комуникација помеѓу основните и средните училишта за да се пренесат сознанијата за поддршката што им е потребна на учениците за да можат да го остварат својот потенцијал.

### Капацитети на наставниците и систем за поддршка

Иницијално образование на наставниците за инклузија: Наставните програми за додипломски студии за подготовка на идните наставници не вклучуваат обука за инклузија на децата со попреченост, или основна сензибилизација за ова прашање.[9]

Подготвеност на наставниците: Според последните истражувања за инклузивно образование[10], 58% од наставниците сметаат дека значаен предизвик за инклузијата се недоволните капацитети за работа со деца со попреченост.[11] Иако многу наставници поминаа основна обука за инклузија во изминатите години, тие немаат добиено обука за развивање специфични вештини кои се потребни за поддршка на децата со различни видови попреченост. Од друга страна, наставниците покажуваат мал интерес за обуките за инклузивно образование, кои се нудат од страна на Бирото за развој на образованието како дел од каталогот на акредитирани обуки, дури и во случаи кога Бирото ги покрива сите трошоци.



© UNICEF/Georgiev/2022




Улогата на образовната асистенција: Некои наставници во редовните основни училишта имаат очекување дека секое дете со попреченост треба да има свој образовен асистент и дека со овие деца претежно треба да работат специјални едукатори и асистенти. Овој пристап создава проблематична ситуација во наставата, каде што децата со попреченост често учат во „микросвет" со своите асистенти или често се отстранети од училницата за да се избегне „нарушување на наставата" за другите ученици. Покрај тоа, поголемиот дел од училишниот персонал сè уште не се целосно информирани за одговорностите на образовните асистенти, особено во однос на нивните очекувања дека образовниот асистент треба да ги подготвува индивидуалните образовни планови (ИОП)  и модифицираната програма. Покрај тоа, постојат разлики во однос на квалитетот на работата на образовните асистенти, што пак влијае на квалитетот на обезбедената поддршка.

Соработка со ресурсните центри. Потенцијалите на ресурсните центри и центрите за поддршка се недоволно искористени. Фокусот во соработката меѓу редовните училишта и ресурсните центри се сведува на ангажирање образовни асистенти, подготовка на модифицирани програми и индивидуални образовни планови, како и добивање совети во дадени ситуации, додека обезбедувањето дидактички наставни помагала и поддршка на родителите на деца со попреченост се користи многу малку.



Предизвици околу реализирање на модифицираната програма во ресурсните центри: Во земјата досега има само пет ресурсни центри каде се дава поддршка на децата во основно образование да посетуваат настава по модифицирана програма, што создава логистички предизвици за родителите и децата, бидејќи некои училишта се оддалечени до 100 километри од најблиските ресурсни центри. Тоа ја нагласува потребата од воспоставување центри за поддршка во рамките на редовните основни училишта за подобро да им се излезе во пресрет на овие ученици.

Проценка на децата со попреченост: Функционалната проценка на децата и младите со попреченост не секогаш се користи како опција од страна на родителите, најверојатно поради страв од предрасуди или недостаток на информации. Како резултат, овие семејства не можат да пристапат до услуги и права кои им следуваат и би биле од голема помош за детето и семејството.

## Други фактори

Недоволно ресурси и технологија: Многу училишта немаат соодветни дидактички средства и асистивна технологија, а онаму каде се достапни, персоналот не е секогаш соодветно обучен да ги користи.[13] Само 33% од основните и средните училишта се изјасниле дека имаат пристап до асистивна технологија.[14]

Несоодветна училишна инфраструктура: Иако се смета дека тоа не е најсериозниот проблем, училишната инфраструктура сè уште е несоодветна, особено за различните типови попреченост. 68% од основните училишта во кои учат деца со попреченост имаат пристапни рампи[15], но повеќето не се опремени со лифт за пристап до горните катови.[16] Многу малку од училиштата имаат тактилни патеки за децата со оштетен вид, а само 39% од нив имаат пристапни тоалети.

Недостаток на услуги за рано откривање и рана интервенција: Успешноста на инклузивното образование зависи од поширокиот екосистем за поддршка, преку кој семејствата на децата со попреченост добиваат помош и поддршка од најрана возраст. Сепак, овие услуги се фрагментирани и многу оскудни, а како резултат на тоа, висок процент на деца во состојба на ризик, со доцнење во развојот и/или попреченост се непрепознаени и не добиваат навремена поддршка за да може да тргнат на училиште и да го остварат својот целосен потенцијал.




© UNICEF/Klincarov/2024

## Препораки за политики

Инклузивното образование е во фокусот на работата на УНИЦЕФ за да се обезбеди правичност, и секое дете да добие фер шанса за здрав и среќен живот. Во текот на изминатата деценија беа спроведени  темелни анализи и на глобално и на национално ниво, што резултираше со подготовка на неколку стратешки и програмски документи. Препораките во овој дел се засноваат на тие анализи и на консултации со клучните засегнати страни, притоа користејќи ја техничката експертиза на УНИЦЕФ.

### Законска регулатива

Законската рамка треба да им овозможи на сите ученици да ја добијат потребната помош во рамки на својата заедница. Министерството за образование и науки неодамна предложи законски измени со кои сите општини ќе треба да формираат најмалку еден центар за поддршка, кој ќе биде сместен во рамките на едно училиште, и ќе служи како централно место за давање образовна поддршка на општинско ниво. Со запишување на децата во редовните училишта кои имаат центри за поддршка, децата со комплексна попреченост сè уште ќе можат да учествуваат во дел од наставата и активностите кои се соодветни на нивните способности, како што се уметност, физичко образование, воннаставни и други активности. Покрај тоа, учениците без попреченост ќе можат да реализираат општествено-хуманитарна работа во рамки на центрите за поддршка, помагајќи им на своите врсници преку учење, дружење и игра. Делот од модифицираната програма за кој е потребна специјализирана поддршка ќе се спроведува или во центарот за поддршка или во ресурсниот центар, ако се наоѓа во близина на училиштето. За да бидат ефикасни овие центри за поддршка, нивната улога мора да биде јасно дефинирана и истовремено да се инвестира во градење на нивните капацитети.

Механизмите и принципите за поддршка на учениците со попреченост, кои се втемелени во Законот за основно образование да се отсликаат во новиот Закон за средно образование и Законот за стручно образование и обука.

Соодветно и континуирано финансирање за да се овозможи ефективна примена на новите законски одредби во насока на обезбедување поддршка и ресурси за децата со попреченост да имаат непречен премин од основно во средно гимназиско или стручно образование и обука.

### Капацитети на наставниците и систем за поддршка

Воведување задолжителна обука за идниот наставен кадар во текот на додипломските студии за да стекнат основни знаења и вештини за поддршка на учењето и развојот на сите деца, вклучувајќи ги и децата со попреченост.

Континуиран професионален развој на наставниците од  редовните  училишта за да ги унапредат вештините за работа со деца со попреченост, како и за нивната улога во образованието на учениците со попреченост.[17] Содржините за обука да бидат усогласени со Профилот на наставници за инклузивно образование во ЕУ , дополнително за да се постигне ефективност на овие програми, тие треба да се развиваат во тесна соработка со наставниците, препознавајќи  ја нивната клучна улога за спроведување на наставните програми и нивната уникатна способност да го поддржат правото на образование на секое дете.

Образовната асистенција не подразбира само доделување асистент на дете со попреченост. Наместо тоа, врз основа на проценка на потребите, вишокот наставници во основните училишта може да се доквалификуваат за да го поддржат инклузивното образование, или како образовни асистенти или како дополнителни наставници во училницата и на тој начин ефикасно да го поддржат учењето на децата на кои им е потребна дополнителна поддршка.

Обезбедување поддршка и следење на работата на образовните асистенти, преку обезбедување соодветни можности за професионален развој на асистентите за подобрување на нивните вештини, знаења и резултати од работата.

Градење на капацитетите на училишните тимови за инклузија за соодветно планирање колку од  модифицираната наставна програма за секој ученик ќе се реализира во редовното основно училиште, а колку во ресурсниот центар или центарот за поддршка. При планирањето треба да се тежнее кон намалување на  предизвиците во однос на превозот и времето што е потребно за

учениците да стигнат до ресурсните центри и да се вратат дома. Оттука, првенствено треба да се гледа можноста ученикот што учи по модифицирана програма да биде во најблиското училиште со центар за поддршка, со што ќе се заштеди време и полесно ќе може ученикот да се вклучува во наставата и активностите што се одвиваат во училиштето. Исто така, доколку ученикот посетува ресурсен центар, треба да се постигне договор помеѓу двете образовни установи во однос на оценувањето на тие ученици.

Изработка на соодветна формула за финансирање на ресурсните центри и центрите за поддршка со која ќе се опфатат трошоците за: поддршката што ја даваат на редовните училишта; средствата што се потребни за работа на центрите за поддршка во рамките на основните училишта; поддршката што им се дава на децата кои следат настава по модифицирани програми; индивидуализираната образовна поддршка за учениците со попреченост кои привремено ги посетуваат ресурсните центри; професионалниот развој на персоналот; трошоците за комунални услуги, и други клучни стручни и логистички потреби.

## Поддршка за родителите и поддршка во заедницата

Зголемување на свеста и разбирањето кај родителите за придобивките од функционалната проценка како можност на децата да им се обезбеди пристап до различни програми и услуги за поддршка, а не само образовни асистенти. Исто така, треба да се подигне свеста за важноста на образовната поддршка што се дава во рамки на ресурсните центри, центрите за поддршка и другите достапни социјални услуги за постигнување подобри образовни резултати за децата со попреченост.

Идентификување и промовирање успешни инклузивни практики и модели во редовните основни и средни училишта, како и воведување механизам за размена на искуства и добри практики меѓу училиштата, стручните тимови и наставниците.

Зајакнување на услугите за рана интервенција за децата со попреченост или доцнење во развојот, за да може ефикасно да се поддржи нивниот развој, да се зголеми раната инклузија во предучилишното образование, и да се обезбеди непречен премин во основното образование.

## Други фактори

Зголемено инвестирање во дидактички ресурси и асистивна технологија во училиштата, обезбедувајќи достапност на овие алатки за децата со попреченост. Овој пристап ќе ја подобри средината за учење за сите ученици, особено за учениците со попреченост.

Подобрување на училишната инфраструктура за да обезбеди целосен пристап на учениците со различен тип попреченост. Потребно е да се обезбедат доволно финансиски средства за да се направат неопходните адаптации.

На долг рок, училиштата треба да се развиваат како центри за давање услуги и образовна поддршка, но исто така, и центри за здравствени, социјални услуги и услуги за детска заштита - училиштата треба да бидат место каде се присутни децата со попреченост и другите маргинализирани групи, а услугите треба да им се донесат таму. Тоа подразбира и инвестирање во механизми и алатки за меѓусекторска соработка.


Белешки:

[1] Конвенција за правата на лицата со попреченост, ОН, 2006, https://www.ohchr.org/en/instruments-mechanisms/instruments/convention-rights-persons-disabilities

[2] The-Evidence-for-Inclusive-Education.pdf (unl.edu)

[3] Ibid.

[4] Доказ: Преглед на литературата (european-agency.org)

[5] Истражување на инклузивното образование во рамки на Анализа за воведување на Детската гаранција во Северна Македонија, 2024

[6] Закон за основно образование, Министерство за образование и наука, 2019-2020

[7] Концепција за инклузивно образование, Министерство за образование и наука, 2020

[8] Концепција за основно образование, Министерство за образование и наука, 2021

[9] Кон инклузивно образование, Извештај од истражувањето за инклузија на децата со попреченост во основното образование. Народен правобранител на Република Северна Македонија, УНИЦЕФ 2016

[10] УНИЦЕФ (2024) Необјавена анализа за Европската детска гаранција

[11] Ibid.

[12] Извештај од консултациите за инклузивно образование, необјавен извештај, УНИЦЕФ 2024

[13] УНИЦЕФ (2024) Необјавена анализа за Европската детска гаранција

[14] Ibid.

[15] Анализа на образовниот сектор, УНЕСКО, 2023

[16] Профил за инклузивно професионално учење на наставниците, Европска агенција за посебни потреби и инклузивно образование, 2022